...NDERMARJA PUBLIKE
ВОДОВОД И КАНАЛИЗАЦИЈА
UJËSJELLËSI DHE KANALIZIMI
Број, Numer 0302-11277/1
Дата, Data 15-08-2019
СКОПЈЕ - SHKUP

Врз основа на член 3, 42, 46, 48, 49 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост на државните органи („Службен весник на Република Северна Македонија бр.78/2015, 106/2015, 153/2015, 190/2016, 21/2018 и 101/2019) и Одлуката за продажба на основни средства – моторни возила и отпаден материјал по пат на јавно усно наддавање арх.бр.0202-5836/5 од 13.05.2019 година, ЈП Водовод и канализација Скопје објавува

**О Г Л А С бр. 1/2019**

*за продажба на основни средства – моторни возила*
*по пат на јавно усно наддавање*

1. Предмет на продажба се основни средства – моторни возила сопственост на ЈП Водовод и канализација Скопје, а врз основа на Одлуката за продажба на основни средства – моторни возила и отпаден материјал по пат на јавно усно наддавање арх.бр.0202-5836/5 од 13.05.2019 година донесена од Управниот одбор на претпријатието, и тоа :

| Ред. бр. | Опис | Број на шасија | Сила на мотор во KW | Година на производство | Почетна цена (денари) |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Товарно моторно возило FAP 1415-K со рег. број SK-028-TN | 118860 | 107 | 1999 | 122.526,00 |
| 2 | Товарно моторно возило IvecoTurbodaily 35.10D со рег. број SK-203-GD | ZCFC3570005082257 | 76 | 1996 | 18.075,00 |
| 3 | Патничко моторно возило Peugeot-306 XN SED со рег. број SK-434-JG | VF37BNFZE32722389 | 65 | 1999 | 53.420,00 |
| 4 | Патничко моторно возило Peugeot-306 XN SAN TROPE со рег. број SK-449-JG | VF37BNFZE32716145 | 65 | 1999 | 48.564,00 |
| 5 | Патничко моторно возило Peugeot-408 со рег. број SK-433-JG | VF38BRHZE80969996 | 80 | 1999 | 45.903,00 |
| 6 | Патничко моторно возило Rover со рег. број SK-680-JE | SARRJSLKRXM105637 | 110 | 1999 | 62.868,00 |
| 7 | Патничко моторно возило Lada- | XTA210430W0661537 | 55 | 1999 | 19.342,00 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | Karavan со рег. број SK-220-IU | | | | |
| 8 | Патничко моторно возило Lada-Samara со рег. број SK-929-JL | XTA210990X2419429 | 55 | 1998 | 17.309,00 |
| 9 | Патничко моторно возило Lada-Samara со рег. број SK-616-IN | XTA210990X2423731 | 53 | 1998 | 27.456,00 |
| 10 | Патничко моторно возило Lada-Karavan со рег. број SK-635-JE | XTA210430X0714535 | 55 | 1999 | 23.363,00 |
| 11 | Патничко моторно возило AUDU A6 со рег. број SK-024-FO | WAUZZZ4AZSN054788 | 103 | 1994 | 44.120,00 |
| 12 | Патничко моторно возило PEUGEOT-405 GL со рег.бр. SK-383-GH | VF34BL6A971499475 | 76 | 1996 | 22.797,00 |
| 13 | Патничко моторно возило Lada-Samara со рег. број SK-916-JD | XTA210930X2413237 | 53 | 1998 | 9.939,00 |

2. Продажбата на основни средства – моторни возила ќе се врши по пат на усно јавно наддавање.
3. Моторни возила може да се видат на локација "Сервис Бутел 6ти Септември" на ул.„Боца Иванова" бб Скопје на ден 30.08.2019 година од 10-14 часот.
4. Почетната цена за продажба на основни средства – моторни возила е утврдена со Извештај за процена бр.015 од 04.02.2019 година изработен од Абц – Бротхер ДООЕЛ Скопје.
5. Право да учествуваат на јавно наддавање имаат сите домашни правни и физички лица кои ќе уплатат паричен депозит на жиро сметка 300000000536834, даночен број: 4030992177811, депонент Комерцијална банка АД - Скопје и тоа во висина од 20% од почетната цена на возилото/та за кое/и ќе учествува/ат на јавното наддавање, во денари.
6. Уплатата на паричниот депозит да биде извршена најдоцна еден ден пред одржувањето на јавното наддавање.
7. Јавното наддавање ќе се одржи во просториите на претпријатието во Сервис Бутел на ул.„Боца Иванова" бб Скопје на ден 10.09.2019 година во 12.00 часот.
8. Уплатениот паричен депозит од најповолниот наддавач се засметува во постигнатата цена.
9. Паричниот депозит на наддавачите кои немаат статус на најповолен наддавач се враќа наредниот работен ден.
10. Критериум за избор на најповолен наддавач е највисоко понуден износ.

11. Јавното наддавање како и целата коресподенција и документи поврзани со истото се доставува на македонски јазик.
12. Јавното наддавање ќе се врши во денари, со почетна стапка на наддавање во износ од 5% од почетната цена.
13. Рокот за склучување на Договор за купопродажба е 10 (десет) дена од денот на јавното наддавање. На денот на склучувањето на договорот најповолниот наддавач треба да достави доказ за извршена уплата на вкупниот понуден износ на движните ствари.
14. Најповолниот наддавач кој нема да пристапи кон склучување на Договор за купопродажба го губи правото на купувач и враќање на паричниот депозит. Во ваков случај следно рангираниот наддавач што ги исполнил условите и ја наддал почетната цена на јавното наддавање се стекнува со статус на најповолен наддавач и може да пристапи кон склучување на договор.
15. За купените основни средства – моторни возила, на постигнатата цена се пресметува данок на додадена вредност во висина од 18%.
16. Заинтересираните правни и физички лица - Учесници на јавното наддавање на денот на јавното наддавање, задолжително треба да ги достават следните документи со кои ќе ја докажат својата способност за да се стекнат со статус на " наддавач":

- Тековна состојба (за правни лица);
- Овластување за учество на јавно усно наддавање доколку на наддавањето не учествува одговорното лице во правното лице;
- Лична карта на увид (за физички лица);
- Доказ за извршена уплата на паричен депозит во утврдениот рок, со приложување на уплатница или извод од сметката на правното лице.

17. На јавното наддавање не може да учествуваат лица кои не ги исполнуваат условите од огласот.
18. Договарање од страна на наддавачите во просторијата за време на јавното наддавање нема да биде дозволено и Комисијата го задржува правото во таков случај лицата да ги отстрани од просторијата.
19. Моторни возила се продаваат по принцип видено - купено.
20. Рокот за подигање на движните ствари е 5 дена од денот на склучување на договорот за купопродажба.

За поблиски информации заинтересираните кандидати да се обратат до ЈП Водовод и канализација – Скопје, лице за контакт Перо Ажиевски тел.071/247-092

ЈП Водовод и канализација Скопје
Комисија за проценка и продажба на отпишани средства
Претседател,
Горан Томашевски